# НАСТАВНО-НАУЧЕН ПРАКТИКУМ 2019

(25.04 - 06.05.2019 година)




**1. ДЕН - СКОПЈЕ**
Поаѓање од пред Универзитет за туризам и менаџмент. Ноќно возење на релација Скопје - Белград - Љубљана - Трст - Венеција - Милано.

**2. ДЕН - МИЛАНО**
Пристигнување во Милано во утринските часови. По пристигнувањето следува панорамски разглед на Милано (град кој се смета за модна престолнина, центар на гламурот и фудбалот). Миланската Катедрала (катедрала која е украсена со преку 3.400 статуи со фасцинантен изглед, еден од најдобрите примери на готичката архитектура), галеријата Виторио Емануеле II, Миланската скала и замокот Сфорцеско. Сместување во хотел. Слободно време за индивидуални активности. Ноќевање.




**3. ДЕН - МИЛАНО - ЏЕНОВА -МОНАКО -МОНТЕ КАРЛО**
Појадок. Напуштање на хотелот. Слободно време за индивидуални активности и шопинг. Следува поаѓање кон Џенова во раните попладневни часови. По пристигнувањето во Џенова следува разглед на градот во времетраење од 2 до 3 часа: плоштадот Ферари, Дуждевата палата, Катедралата Св. Лоренцо, куќата на Христофер Колумбо. По прошетката следува поаѓање кон Монако и Монте Карло. Пристигнување во кнежевството Монако во вечерните часови. Разглед на градот: Палатата на Грималди, Катедралата, Океанографскиот музеј, патеката на формула 1, како и посета на едно од најпознатите казина во Монте Карло. По прошетката низ Монако и Монте Карло следува ноќно возење кон Шпанија.




**4. ДЕН - ЉОРЕТ ДЕ МАР**
Пристигнување во Љорет де Мар во утринските часови. Сместување во хотел со 3* (4 полни пансиони на база на шведска маса) до 14:00ч. Попладнето е предвидено за одмор и капење. Вечера. Секоја вечер факултативна посета на дискотека. Ноќевање.




**5. ДЕН - ЉОРЕТ ДЕ МАР - БАРСЕЛОНА**
Појадок. По појадокот следува целодневена посета на Барселона. Прошетка и уживање во знаменитостите на оваа каталонска престолнина: Саграда Фамилиа, Парк Цитадела, Плоштад Каталуња, Каса Миља, Каса Батљо, Авенија Дијагонал, Плоштад Еспања, Брдото Монжуик, Видиковецот, Олимпискиот комплекс, како и најпознатата пешачка улица Ла Рамбла. Враќање назад кон Љорет де Мар. Вечера. Ноќевање.

**6 - 7. ДЕН - ЉОРЕТ ДЕ МАР - БАРСЕЛОНА**
Полн пансион. Уживање во некои од најзанимливите факултативни излети: FLAMENCO LA SIESTA, COSTA BRAVA, BARCELONA BY NIGHT (вклучено во цената), PORT AVENTURA, NOU CAMP, MUSEUM SALVADOR DALI, AQUARIUM, DISCOTHEQUE TROPICS. Ќе се доживеат највозбудливите моменти од ноќниот живот во Љорет де Мар и Барселона.




**8.ДЕН - ЉОРЕТ ДЕ МАР - ФИГЕРЕС - БАРСЕЛОНА**
Појадок. Напуштање на хотел. Предпладневна посета на музејот на Салвадор Дали во Фигерес. Попладнето поаѓање за Барселона. По пристигнувањето во Барселона слободно време за индивидуални активности, прошетка, шопинг. Во договорено време, поаѓање кон пристаништето, качување во бродот кој се обраќа на релација Барселона - Чивитавекикја, сместување во кабини. Исловување од пристаништето во Барселона во 20:00ч. Слободно време за користење на некои од поволностите кои ги пружа овој „хотел на вода", (музика во живо, танци, дискотека, казино, базен, фитнес, џакузи, ресторани, кафетерии). Вечерта заедничка посета на дискотеката која се наоѓа на палубата на бродот. Ноќевање во модерно опремени броски кабини.





















**9. ДЕН - КРСТАРЕЊЕ ПО МЕДИТЕРАНОТ - ЧИВИТАВЕКИЈА - РИМ**

Утрински анимиран програм на бродот (капење во базен, кино, казино.) до попладневните часови, кога се очекува пристигнување на пристаништето во Чивитавекија. По напуштањето на бродот се упатуваме кон хотелот. Сместување во хотел со 3* или бунгалови во околината на Рим. Ноќевање.

**10. ДЕН - РИМ - ФИРЕНЦА**

Напуштање на сместувањето. Следи разглед на „вечниот град" Рим: Musei Vaticani (факултативно), Capella Sistina, Piazza San Pietro, Basillica San Pietro, Colosseo, Foro Romano, Fori Imperiali, Campidoglio, Piazza Venezia, Piazza Navona, Panteon, Fontana di Trevi, Piazza di Spagna. Во вечерните часови поаѓање кон Фиренца. Разглед на градот: Santa Maria Novella, Cappelle Medicee, Piazza di San Giovanni, Piazza Del Duomo, Piazza della Signoria, Uffizi, Ponte Vecchio, Palazzo Pitti… По посетата на Фиренца, патот го продолжуваме кон Венеција.

**11. ДЕН - ВЕНЕЦИЈА**

Во утринските часови пристигнување на пристаништето Punta Sabioni. Факултативно возење со брод до Венеција. Пешачки разглед на Венеција: Дуждева палата, Библиотеката, Базиликата св.Марко, Кампанилот, Мостот Ријалто, Мостот на воздишки, црвката Санта Мариа Дела Салут. Слободно време за уживање во убавините на Венеција. По прошетката и слободното време, враќање кон пристаништето и поаѓање кон Србија.

**12. ДЕН - СКОПЈЕ**

Пристигнување во Скопје во утрински часови.

## Цена: 21 440 денари

Цената вклучува:
- Превоз со модерни високотуристички автобуси на наведената релација
- 1 ноќевање во околината на Милано (во хотел со 3*/4*, во 1/3 и 1/4 креветни соби)
- 4 ноќевања на база на полни пансиони во Љорет де Мар (во хотел со 3*/4*, во 1/3 и 1/4 креветни соби)
- 1 ноќевање во 1/3 и 1/4 кабини во модерно опремени бродски кабини на флотата на "Grimaldi lines" на релација Барселона - Чивитавекија (Рим)
- 1 ноќевање во околината на Рим (во хотел со 3*/4*, во 1/3 и 1/4 креветни соби)
- Комплетна организација на патувањето и посета на градовите Милано, Ђенова, Монако, Монте Карло, Рим, Фиренца и Венеција
- Вклучен разглед на Барселона

Цената не вклучува:
- Патничко и здравствено осигурување.
- Доплата за 1/2 соба во Шпанија во износ од 20€
- Доплата за 1/1 соба во Шпанија во износ од 60€
- Доплата за 1/2 кабина на бродот во износ од 35€
- Доплата за 1/1 кабина на бродот во износ од 60€
- Задолжителна градска такса која се плаќа за престој во Каталонија - во хотели со 1*,2* и 3* - 0.50€ по ноќевање по лице, а за престој во хотели со 4* - 1€ по ноќевање по лице. Се плаќа на рецепција во хотелот.
- Туристичка такса за хотел во Рим (доколку хотелот е во градската зона) - во хотел со 1*, 2* и бунгалови - 2€, во хотели со 3*- 4€ по ноќевање по лицеа за престој во хотели со 4* - 6€ по ноќевање по лице , кое се плаќа на рецепција во хотелот.
- Факултативни излети, возење со брод од Пунта Сабиони до Венеција и назад како и влезници планирани по програмот.

